08-1775/4
30-07-2026

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 37-та седница одржана на ден 29.07.2026 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предмет со бр. 08-1243/1 од 24.02.2022 година, СЕ ЗАПИРА.

Предметот со број 08-1243/1 од 24.02.2022 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето

## Образложение

Предметот со број 08-1243/1 од 24.02.2022 година е оформен по сопствена иницијатива за проверка на имотната состојба на _______________, поранешен Генерален директор на _______________и членовите на неговото семејство.

Со цел утврдување на фактичката состојба во конкретниот случај, ДКСК прибави податоци за имотот на _______________и за членовите на неговото семејство од Агенцијата за катастар на недвижности, Министерството за внатрешни работи, Управата за јавни приходи, Централниот депозитар за хартии од вредност, Централниот регистар на Република Северна Македонија, како и податоци од банките и другите финансиски институции во Република Северна Македонија.

По анализа на прибавените податоци и нивно споредување со податоците од анкетниот лист и Изјавата за имотна состојба и интереси на _______________, ДКСК констатира дека истите се совпаѓаат.

Истиот, во законски предвидениот рок по престанок на функцијата Генерален директор на _______________не поднел Изјава за имотна состојба и интереси до Државната комисија за спречување на корупцијата со што постапил спротивно на одредбите од член 82 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и сторил прекршок казнив по член 109 став 1 алинеја 2 од истиот закон.

За констатираниот прекршок Државната комисија издаде Прекршочен платен налог и истиот уредно го достави до сторителот на прекршокот кој во рок од осум дена од денот на приемот на налогот го платил износот на глобата за прекршокот и доставил доказ за извршената уплата.

Имајќи го предвид сето претходно наведено, ДКСК констатира дека нема елементи за натамошно постапување во конкретниот случај и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Адем Чучуљ

Изработил: м-р А.А.Т, советник
Контролирал: м-р Н.Т-М, раководител на одделение
Согласен: К.З, раководител на сектор
Одобрил: м-р Б.К.Ш, член